Macedonian | Македонски

Преглед на онлајн презентација

Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Безбедно постапување со вашите имејли (Managing your emails safely)

Имањето имејл адреса ви го отвара патот кон онлајн светот. Таа ви овозможува да одржувате контакт со семејството и пријателите и да пристапите до услуги како што се купување и банкарски трансакции онлајн. Важно е да ја одржувате вашата имејл сметка што е можно побезбедна, користејќи силна фраза за лозинка (passphrase) и автентикација со повеќе фактори.



## Начини за пристап до имејл

Постојат многу начини за пристап до вашите имејли. Можете да го направите тоа преку:

### Апликација

- користете ја апликацијата на давателот на имејл што може да ја преземете од App Store за уредите на Apple или од Play Store за уредите со Android
- поврзете ја вашата имејл сметка на:
  - претходно инсталираната апликација за имејл на вашиот паметен уред
  - апликацијата Mail или Outlook на вашиот компјутер.

### Веб-страница

- пријавете се на веб-страницата на вашиот дател (provider) на имејл од прелистувач (browser) на вашиот компјутер или паметен уред.

## Даватели (providers) на имејл услуги

Постојат многу даватели на имејл услуги кои нудат и бесплатни и платени опции за имејл сметки, вклучувајќи:

- **Gmail** Google
- **Outlook** Microsoft
- **Yahoo Mail** Yahoo
- **iCloud** Apple
- **ProntonMail** Proton AG

Посетете ја веб-страницата Be Connected за **чекор-по-чекор упатства** за тоа како да поставите и користите Gmail, Outlook и Yahoo.

**Совет:** Можеби ќе сакате да поставите имејл сметка за само за вашето банкарство или да ја користите само за онлајн купување за да помогне при управувањето со спам-пораки.

# Управување со вашата имејл сметка

## Поставување папки (folders) и етикети (labels)

Поставувањето папки во вашето електронско поштенско сандаче (inbox) е одличен начин да ја организирате вашата сметка и да го олесните наоѓањето на важни имејли кога ви се потребни. Папките понекогаш се нарекуваат етикети, во зависност од службата што ја користите за имејли.

## Организирање и класификација на вашите имејли

Вашата имејл служба има практични контроли кои ви помагаат да класифицирате имејли на различни начини и да ги сведете имејлите со спам и непотребни (junk) пораки на минимум. Кога ќе пристигне нов имејл и ќе го отворите за да го прочитате, некои контроли се појавуваат на горниот дел од екранот. Можете да кликнете на овие контроли за да:

- **Избришете (Delete)**: го преместувате имејлот во папката Bin/Trash
- **Архивирате (Archive)**: го преместувате имејлот во архивата
- **Означите како непрочитано (Mark as unread)**: го правите имејлот повторно да изгледа како нов
- **Етикети/Папка (Labels/Folder)**: го етикетирате или го преместувате имејлот во папка.

## Справување со спам-имејли

Вашата имејл служба автоматски ги открива и пренасочува познатите спам-имејли, но некои спам-имејли сепак може да се пробијат.

Ако сметате дека некој имејл во вашиот инбокс е непотребен или е спам, можете да:

- **Пријавите спам (Report spam)**: кажете му на вашиот давател на имејл дека имејлот е спам
- **Блокирате имејл (Block emails)**: престанете да примате имејли од испраќачот
- **Се одјавите (Unsubscribe)**: престанете да добивате билтени или маркетинг-имејли на кои сте се претплатиле.

Ако мислите дека сте се одјавиле од претплатата, но продолжувате да добивате несакани спам-имејли, можете да поднесете жалба до **Австралиската управа за комуникации и медиуми (Australian Communications and Media Authority)**.

**Совет:** За да избегнете несакани имејли со спам, бидете внимателни кога ги давате вашите податоци за наградни игри и сите претходно штиклирани полиња за да добивате маркетинг-пораки кога купувате производи или услуги.

# Чувајте ја вашата имејл сметка безбедна

## Фрази за лозинка (Passphrases)

Чувајте ги вашите сметки безбедни со силни фрази за лозинка. Фрази за лозинка се посигурна верзија на лозинки и се составени од четири или повеќе случајни зборови.

Обидете се да смислите различни фрази за лозинка за секоја од вашите сметки и не рециклирајте делови од старите.

Кога ќе ја изберете вашата лозинка, направете ја:

- **Долга** - најмалку 14 знаци
- **Непредвидлива** - користете четири или повеќе случајни зборови со бројки, симболи и големи и мали букви
- **Уникатна** - немојте повторно да ги користите вашите фрази за лозинка.

*На пример: Yellow So Hey Plant > Yell*w-S0heyPl@nt!*

**Совет:** Апликација за управување со лозинки (password manager app) исто така може да ви помогне да креирате и чувате сложени фрази за лозинка што другите тешко можат да ги погодат или хакираат. На веб-страницата Be Connected можете да најдете информации за **управувачи со лозинки (password managers)** и како да ги поставите.

## Повеќефакторска автентикација

Секогаш е добра идеја да вклучите повеќефакторска автентикација за вашите сметки. Повеќефакторската автентикација (исто така позната како автентикација во 2 чекора) додава дополнителен слој на безбедност. Ова значи дека кога ќе се најавите на сметка со вашата лозинка, можеби ќе биде побарано да направите дополнителен чекор за да потврдите дека сте вие - како на пример, да внесете код од текстуална порака или да користите идентификација со препознавање лице.

## Користете го обезбедувањето на уредот

Користењето безбедносен софтвер на вашиот компјутер е еден од наједноставните начини за заштита на вашите сметки и уреди. Добрата компјутерска безбедност вклучува инсталирање на реномирани анти-шпионски софтвер, антивирусни скенери и „firewall“ софтвер. Исто така, треба да ги одржувате ажурирани вашите онлајн безбедносни алатки и апликации со овозможување автоматско ажурирање.

## Користете сигурна конекција

Кога треба да пристапите до вашите сметки, да испраќате чувствителни информации или да внесете лозинки, поврзете се на доверлива интернет конекција, како што е домашната, на работа или со користење на вашата сопствена податочна мрежа доколку е достапна. Јавниот Wi-Fi не е толку безбеден како вашиот Wi-Fi дома или на работа.

## Опции за обновување на сметката

Погрижете се да поставите телефонски број или алтернативна имејл адреса за обновување на сите ваши имејл сметки. Ако го изгубите пристапот до вашата сметка или ако таа е компромитирана, можете да ја ресетирате лозинката користејќи ја опцијата за обновување.

# Измамнички (scam) емејли

Измамничките емејли се дизајнирани да изгледаат како да се од легитимни организации што ги познавате. Тие може да изгледаат вистински, користејќи логоа и слична имејл адреса на организацијата што ја имитираат. Измамничките емејли може да изгледаат како да се од вашата банка, давател на интернет услуги, владина агенција, продавница или дури и измамник кој се преправа дека е пријател или член на семејството. Преправајќи се дека се некој кому му верувате, измамниците користат чувство на итност за да ве измамат да платите пари или да дадете лични информации, како што се важни лозинки, податоци од кредитна картичка или банкарски податоци.

Овие типови на измами се нарекуваат измами со имитирање или фишинг (phishing) имејли.

### Совети за избегнување измамнички имејли

- Внимавајте на знаците на измамнички имејл. Измамничкиот имејл може:
  - да создава чувство на итност или да користи тактики на заплашување, барајќи да платите или да ги потврдите личните податоци
  - да користи генеричко обраќање, како што се „Почитуван клиенту“, „Почитуван кориснику“ или воопшто не користи обраќање
  - да побара од вас да кликнете на линк или да преземете папка (file), што може да ве упати на лажна веб-страница или да содржи вирус или злонамерен софтвер (malware).
- Секогаш проверувајте дали имејл адресата на испраќачот е легитимна и директно контактирајте со организацијата со тоа што ќе ги побарате нивната официјална веб-страница и телефонски број.
- Никогаш не се пријавувајте на вашите онлајн сметки или не потврдувајте детали преку линк во имејл, не кликнувајте на линкови или не отворајте прилози во имејли од непознати или сомнителни испраќачи.
- Избришете ги сомнителните или можните измамнички имејли, користете ја опцијата „пријави спам“ (report spam) за да го класифицирате како несакан имејл.

**Совет:** Ако не сте сигурни за некој имејл, разговарајте со доверлив пријател или член на семејството и контактирајте ја организацијата користејќи го телефонскиот број на нивната веб-страница.

Посетете ја веб-страницата Be Connected за нашиот бесплатен **приручник за измами со имитирање** подготвен со Scamwatch.

# Одвојте време да дознаете повеќе за Be Connected

Be Connected е сеопфатна веб-страница со бесплатни материјали специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци безбедно да се поврзуваат онлајн и со сигурност да се движат низ дигиталниот свет. Веб-страницата е исто така корисна за семејствата и организациите во заедницата кои сакаат да им помогнат на постарите членови на заедницата да пристапат до сите придобивки на интернет.




## Посетете ја веб-страницата beconnected.esafety.gov.au

Australian Government | eSafety Commissioner

Оваа програма е изработена од Комесарот на eSafety (eSafety Commissioner) како дел од иницијативата Be Connected.